
ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2026 ГОДИНА

-согласно прва измена на Буџет на Општина Битола за 2026





Битола, 2026 година

СОДРЖИНА

- ЗОШТО ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ?
- КОИ СЕ НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА?
- ШТО Е ОПШТИНСКИ БУЏЕТ И ОД ШТО СЕ СОСТОИ?
- КОИ СЕ БУЏЕТСКИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ ГИ РЕАЛИЗИРА НАШАТА ОПШТИНА?
- КАКО ОПШТИНАТА ГИ ПРИБИРА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ?
- КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ ИЗВОРИ НА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ?
- КОЛКУ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ ПЛАНИРА ДА СОБЕРЕ ОПШТИНАТА?
- ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ - ВАЖЕН СОПСТВЕН ОПШТИНСКИ ПРИХОД
- НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ
- КОЈА Е УЛОГАТА НА ТРАНСФЕРИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ ДОТАЦИИТЕ?
- КАДЕ И КАКО СЕ ТРОШАТ ОПШТИНСКИТЕ ПАРИ?
- КОЛКУ ПЛАНИРА ДА ПОТРОШИ ОПШТИНАТА ЗА СЕКОЈА ОДДЕЛНА НАДЛЕЖНОСТ/ПРОГРАМА - УСЛУГА ЗА ГРАЃАНИТЕ ?
- КАКО СЕ РЕАЛИЗИРА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ?
- КЛУЧНИ БУЏЕТСКИ ДОКУМЕНТИ


- Информирање на граѓаните за тоа како се собираат општинските приходи и како се трошат општинските средства.
- Едукација на граѓаните за клучните термини, принципи и начела поврзани со општинскиот буџет и локалните финансии.
- Зголемување на свесноста на граѓаните за нивната улога во буџетскиот процес на локално ниво.
- Поттикнување на поголема активност и учество на граѓаните во процесите на планирање и реализација на општинскиот буџет.
- Запознавање на граѓаните со донесениот БУЏЕТ ЗА 2026 год. и неговите основни карактеристики - структура – кои се и колкави се општинските приходи и каде општината планира да ги потроши јавните ресурси.

КОИ СЕ НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА?

- Урбанистичко (урбано и рурално) планирање
- Заштита на животната средина и природата
- Локален економски развој
- Комунални дејности
- Култура
- Спорт и рекреација
- Социјална заштита и заштита на децата
- Образование
- Здравствена заштита
- Заштита и спасување
- Противпожарна заштита
- Надзор над вршењето на работи од нејзина надлежност
- Други надлежности определени со закон.

ШТО Е ОПШТИНСКИ БУЏЕТ И ОД ШТО СЕ СОСТОИ?

Буџетот на единицата на локалната самоуправа претставува план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности. Буџетот на локалната самоуправа ги демонстрира вредностите и приоритетите на локалната самоуправа. Буџетирањето и техниките на финансиското планирање се клучни елементи во одржувањето на фискалниот интегритет на локалната самоуправа.



КОИ СЕ БУЏЕТСКИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ ГИ РЕАЛИЗИРА НАШАТА ОПШТИНА?

При подготовка на Буџетот на Општина Битола за 2026 год. активно учество зедоа граѓаните на Општина Битола преку организирање на 4-ри буџетски форуми. Исто така граѓаните зедоа учество преку бројни предлози кои ги даваа при посетата на населените места од страна на Градоначалникот и општинската администрација.

КАКО ОПШТИНАТА ГИ ПРИБИРА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ?


Ефикасното обезбедување и собирање на општинските приходи се основа за обезбедувањето на потребните јавни добра и услуги на граѓаните на општината. Оттука во продолжение се претставени (нивната висина, процент на учество) основниот буџет на општината и дополнителните главни "потоци" на приливи во општинскиот буџет – сопствени приходи, дотации – централна власт, донации, задолжување итн.

БУЏЕТ НА ОПШТИНИТЕ е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности. Додека ОСНОВЕН БУЏЕТ на општината е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства со буџетот за финансирање на основните надлежности на општината. ДОТАЦИЈА преставува трансфер од Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на фондовите до буџетот на општината. ДОНАЦИЈА се строго наменски средства од донатори врз основа на склучен договор. САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ се годишни приходи на буџетските корисници кои се дополнителни на нивните основни законски активности.

Табела 1. Приходи на општината (во денари и структура во %)

Приходна сметка	Износ (денари)	Структура на приходите (во %)
Основен буџет на општините	1.697.941.666	52.4%
Донации	37.716.948	1%
Самофинансирачки активности	160.836.900	5%
Дотации	1.342.011.609	41.4%

Графикон 1. Структура на општинските приходи по видови сметки (во %)



КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ ИЗВОРИ НА ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИ?

ОПШТИНСКИТЕ ПРИХОДИТЕ во буџетот се даноците и други задолжителни плаќања, кои се утврдени со закон. Од посебна важност се СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ на општината кои вклучуваат локални даноци, локални такси и локални надоместоци, приходи од сопственост на општината, самопридонес, парични казни, донации и други приходи утврдени со закон.


Во продолжение се прикажани клучните извори на приходи кои општината планира да ги обезбеди во 2026 година.

Највисок износ на приходи ќе се обезбедат од трансфери и донации од околу 70.8% или 2.295.282.288 денари и даночните приходи во износ од 635.759.783 денари или 19.6%.

Табела 2. Вкупни приходи на општината согласно економската класификација (износ во денари и структура во %)

Вид на приход	Износ (денари)	Учество во вкупните приходи (во %)
Даночни приходи	635.759.783	19.6%
Неданочни приходи	201.960.052	6.2%
Капитални приходи	105.505.000	3.2%
Трансфери и донации	2.295.282.288	70.8%

Графикон 2. Структура на приходи на општина според економската класификација (во %)



КОЛКУ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ ПЛАНИРА ДА СОБЕРЕ ОПШТИНАТА?

Даночните приходи се основен и најзначаен дел од сопствените приходи на општината, оттука во продолжение Ви претставуваме колкави износи на даночни приходи планира да собере општината во следната година. Исто така е претставена структурата која покажува кои даночни приходи е планирано да имаат најголем удел во општинските приходи.

Табела 3. Клучни даночни приходи на општината (износ во денари и структура во %)

Приходна сметка	Износ (денари)	Учество во даночните приходи (во %)
Надоместок за уредување на градежно земјиште	160.000.000	25%
Комунална такса за користење и одржување на јавното осветление	120.000.000	4%
Данок на промет на недвижности	91.654.736	14%
Данок на имот на физички лица	75.000.000	12%
Данок на имот од правни лица	27.000.000	4%
Персонален данок на доход	79.750.000	12%
Данок на наследство и подарок	14.000.000	2%

Најмногу даночни приходи општината планира да обезбеди од надоместок за уредување на градежно земјиште и комунална такса за користење и одржување на јавно осветление, додека данокот за наследство и подарок ќе имаат помало учество во вкупниот даночен приход.

Графикон 3. Даночни приходи на Општина Битола (во %)



ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ - ВАЖЕН СОПСТВЕН ОПШТИНСКИ ПРИХОД

Даноците на имот се еден од најважните сопствени извори на приходи на општината. Планираната структура за 2026 година на посебните видови на Даноци на имот е прикажана во продолжение.

Графикон 4. Структура на даноците на имот во вкупните приходи по основ данок на имот на Општина Битола (во %)



НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ

Неданочните приходи кои планира да ги собере општината во 2026 година се прикажани во продолжение. Најголем износ на неданочни приходи треба да бидат обезбедени од такси и надоместоци со 80%, додека најниска пропорција се очекува кај приходите од глоби, судски и административни такси со 1.5%.

Табела 4. Видови неданочни приходи (износ во денари и структура во %)

Вид на неданочни приходи	Износ (денари)	Учество во вкупните неданочни приходи (во %)
Глоби, судски и административни такси	3.000.000	1.5%
Такси и надоместоци	162.298.256	80%
Други неданочни приходи	36.661.796	18%


Графикон 5. Видови неданочни приходи (структура во %)



КОЈА Е УЛОГАТА НА ТРАНСФЕРИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ ДОТАЦИИТЕ?

Вредноста на главните видови на трансфери од централната власт е прикажана во продолжение. Највисок износ на трансфери е планиран за Блок дотации во износ од 1.233.411.452, додека пак, планираниот износ од трансферот од ДДВ изнесува 224.412.618, а за капитални трансфери 538.093.764 денари.

Графикон 6. Видови на трансфери и донации




Блок дотациите за пренесени надлежности од централната власт се најзначајниот износ на трансфери кој го добива општината и со кој во значаен дел се финансираат пренесените надлежности за образование, култура и социјална заштита. Во продолжение е прикажана распределбата на овие Блок дотации по различни намени. Најголем износ од блок дотациите се однесуваат за основно образование и учествуваат во структурата со 52%, додека најнизок износ на блок дотации се забележуваат за култура во износ од 17.523.755 со учество од 1% во вкупните блок дотации.

Табела 5. Намена на блок дотациите и наменските дотации на општина по одделни надлежности (износ во денари и структура во %)

Намена на блок дотација	Износ (денари)	Учество на вкупните трансфери од централна власт (во %)
Култура	17.523.755	1%
Основно образование	692.794.758	52%
Средно образование	367.072.998	27%
Детски градинки	194.112.963	14%
Домови за стари лица	22.507.135	2%
Противпожарна заштита	48.000.000	4%

Графикон 7. Структура на блок дотациите и наменските дотации по надлежности во Општина Битола(во %)



КАДЕ И КАКО СЕ ТРОШАТ ОПШТИНСКИТЕ ПАРИ?

Табела 6. Расходи на општините по економска класификација

Расход на сметка	Износ (денари)	Структура (во %)
Плати и надоместоци	1.475.564.790	46%
Резерви и недефинирани расходи	1.500.000	0%
Стоки и услуги	565.391.107	17%
Каматни плаќања	2.700.000	0%
Субвенции и трансфери	190.438.090	6%
Социјални бенефиции	5.000.000	0%
Капитални расходи	967.123.125	31%
Отплата на главнина	14.500.000	0%

Особено е важно каде и како се трошат локалните ресурси. Локалните расходи се директно поврзани со обезбедувањето на потребните добра и услуги на граѓаните – затоа нивната структура и начин на распределба е особено важно да бидат транспарентно преставени. Во продолжение се преставени клучните расходи на општината за 2026 година.

Во наредниот период најголем износ на расходи ќе се потрошат за плати и надоместоци во износ од 1.475.564.790 ден., односно 46% од структурата на вкупните расходи, капитални расходи во износ од 967.123.125 денари или околу 31% (кои во најголем дел се планирани за реализирање на проекти за изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводни мрежи, изградба и реконструкција на канализации и изградба и реконструкција на други објекти, изградба и реконструкција на капацитети од енергетиката и сл.) и стоки и услуги со учество од 17% или 565.391.107 денари. Најнизок износ на расходи општината издвојува за отплата на главнина, со 0% учество во вкупните расходи на Општина Битола.

Графикон 8. Структура на расходи на Општина Битола по економска класификација (во %)



КОЛКУ ПЛАНИРА ДА ПОТРОШИ ОПШТИНАТА ЗА СЕКОЈА ОДДЕЛНА НАДЛЕЖНОСТ/ПРОГРАМА - УСЛУГА ЗА ГРАЃАНИТЕ ?

Во продолжение се претставени клучните планирани програми на општинските средства по секоја од надлежностите – услугите кои треба да ги добијат граѓаните.

Највисок износ на расходите од општинската сметка се издвојува за образование од 1.343.080.787 денари, комунални дејности 686.235.926 денари и социјална заштита и заштита на деца во износ од 373.639.743 денари.

Табела 7. Вкупни расходи на Општина Битола по одделни надлежности (во денари и структура во %)


Вкупни расходи по општините на одделни надлежности	Износ (денари)	Учество во вкупните расходи (во %)
Совет на општина	28.250.873	1%
Градоначалник	5.442.910	0%
Месна самоуправа	1.300.000	0%
Општинска администрација	277.270.259	11%
Капитални трошоци на општината	7.370.000	0%
Урбанистичко планирање	11.300.000	0%
Локален економски развој	12.926.272	0%
Поттикнување на развојот на туризмот	10.500.000	0%
Комунални дејности	686.235.926	23%
Култура	87.539.757	2%
Спорт и рекреација	81.600.000	3%
Образование	1.343.080.787	41%
Заштита на животна средина	21.446.214	0%
Социјална заштита и заштита на деца	373.639.743	7%
Противпожарна заштита	106.962.636	4%
Родова еднаквост	1.636.300	0%

Табела 8. Расходи по програми по надлежност - Општинска администрација (во денари и структура во %)

Општинска администрација	Износ (денари)	Учество во вкупните расходи од оваа надлежност (во %)
Е0-Општинска администрација	277.270.259	97%
ЕА-Капитални трошоци на општина	7.370.000	3%

Вкупните расходи кои се наменети за работата на Градоначалникот изнесуваат 5.442.910 денари и истите во себе вклучуваат плати и надоместоци на градоначалникот, тековна резерва на градоначалник и трансфери, додека трошоците за месна самоуправа изнесуваат 1.300.000 денари.

Графикон 9. Расходи по порограми по надлежност -Градоначалник со две програми



Табела 9. Расходи по програми по надлежност - Урбанизам/урбанистичко планирање (износ во денари и структура во %)

Урбанистичко планирање	Износ	Учество во вкупните расходи од оваа надлежност (во %)
Ф1-Урбанистичко планирање	11.300.000	100%

Расходите издвоени за комунални услуги во износ од 686.235.926 ден. , имаат за цел да ги помогнат активностите како:

- одржување на урбана опрема,
- снабдување со вода, одведување и пречистување на отпадни води,
- одржување јавна чистота и јавно зеленило,
- одржување и заштита на локалните патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот,
- изградба на јавно осветлување,
- изградба на простори за паркирање,
- изградба на систем за водоснабдување,
- паркови и зеленило, урбана опрема итн.


Табела 10. Расходи по програми по надлежност - Комунални дејности (износ во денари и структура во %)

Комунални услуги	Износ	Учество во вкупните расходи од оваа надлежност (во %)
Ј2-Одведување и пречистување на отпадни води	0	0%
Ј3-Јавно осветлување	53.720.000	7%
Ј4-Јавна чистота	20.000.000	3%
Ј5-Јавен локален превоз на патници	3.000.000	0%
Ј6-Одржување и заштита на локалните патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот	38.525.042	5%
Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило	30.000.000	4%
Ј8-Други комунални услуги	24.100.000	3%
ЈА-Изградба на јавно осветлување	19.360.768	3%
ЈД-Изградба и реконструкција на локални патишта и улици	354.623.286	48%
ЈФ-Изградба на сообраќајна сигнализација	6.150.000	1%
ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување	53.529.103	7%
ЈИ-Изградба на систем за одведување, прочистување на отпадни води	83.227.727	12%

ЈЛ-Други комунални услуги (капитални расходи)	43.856.983	6%
ГД-Проекти за енергетска ефикасност	4.598.378	1%

Во расходите за заштита на животната средина на Општина Битола преовладуваат расходите за заштита на животна средина и природа и тоа за зачувување и унапредување на здравјето, животната и работната средина како и за заштита од заразни болести.


Графикон 10. Расходи по програми по надлежност – Заштита на животна средина (во денари)



Во програмите за локален економски развој преовладуваат издатоци за проекти за поддршка за ЛЕР во износ од 12.926.272 денари.

Преку оваа програма се планира: поддршка на проекти и кофинансирање во соработка со Центарот за развој на пелагонискиот регион, соработка за локален волонтерски совет и совет за млади, проект за почиста Битола и реализација на проектите Креирање на можности за работа на сите, ОКР-СРЦ и др.

Графикон 11. Расходи по програми по надлежност – Локален економски развој




Во поглед на средствата кои се планираат за реализација на активности од културата истите е планирано да се распределат на активности - поврзани со културни манифестации, поддршка на локалната Јавна установа КИЦ и Зоолошката градина од Општина Битола.

Табела 11. Расходи по програми/ надлежност – Култура (учество во ден. и %)

Култура	Износ (денари)	Учество во вкупните расходи од оваа надлежност (во %)
К3-Музејска и кинотечна дејност	56.065.755	64%
К4-Културни манифестации и творештво	18.600.000	21%
КА-Капитални расходи во култура	12.874.002	15%

Во расходите од програмите ЛО и ЛА се планирани средства за субвенционирање на спортските клубови и капитални расходи за спорт и рекреација (реконструкција на спортски игралишта во ОУ, мултифункционален спортски комплекс, реконструкција на комплекс на спортска сала, изградба на велосипедски патеки и др.)

Графикон 12. Расходи по програми по надлежост – Спорт и рекреација (учество во %)



Во расходите за образование преовладуваат трошоците за основно образование кои зафаќаат околу 56% и за средно образование со 29%. Ваквите расходи имаат за цел да овозможат редовно функционирање на основните и средните училишта.

Табела 12. Расходи по програми по надлежност – Образование

Образование	Износ (денари)	Структура (во %)
Н1-Основно образование	755.546.366	56%
Н2-Средно образование	385.871.098	29%
НА-Основно образование (капитални расходи)	197.957.323	15%
НБ-Средно образование (капитални расходи)	3.706.000	0%

Во програмата за социјална заштита најголем дел од средствата ќе се распределат за детски градинки со учество од 72% од буџетот во рамките на оваа програма.

Табела 13. Расходи по програми по надлежност – Социјална заштита

Социјална заштита	Износ (денари)	Учество во вкупните расходи од оваа надлежност (во %)
В1-Детски градинки	269.267.963	72%
ВА-Социјална заштита и заштита на деца (капитални трошоци)	46.364.645	12%
В2-Дом за стари лица	57.807.135	15%
ВБ-Капитални расходи за дом за стари лица	200.000	0%

КЛУЧНИ БУЏЕТСКИ ДОКУМЕНТИ - како можат граѓаните да ја следат реализацијата на општинскиот буџет ?

Кои се клучни буџетски документи?

- Буџетскиот календар ги дефинира роковите за планирање на општинскиот буџет, каде што се опфатени сите активности поврзани со подготвување на буџетот, извршување на буџетот низ финансиските извештаи или следење на извршувањето на буџетот од општинската администрација.

- Буџетскиот циркулар ги содржи инструкциите за изработка предлог-буџет од страна на буџетските корисници и го доставува Министерството за финансии.

- Предлог-буџетот е подготвен од страна на градоначалникот (општинската администрација) во кој се планираат годишните приходи и годишните расходи и кој треба да биде одобрен од страна на советот на општината.

- Предлогот на планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрените средства по одделни буџетски програми и потпрограми, годините во кои тие ќе се реализираат и изворите на финансирање, односно буџетите.

- Буџетот е акт на локалната власт со кој се планираат годишните приходи и други приливи и се одобруваат годишните расходи и други одливи на државата или на општината.

- Месечните извештаи ги содржат податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи за претходниот месец за коишто се однесува извештајниот период.

- Кварталниот извештај К1 ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи за претходните три месеци за коишто се однесува извештајниот период, согласно со економската класификација на приходи и расходи по сметки и збирно.

- Кварталниот извештај К2 ги содржи податоците за сите неподмирени обврски, како и за неподмирените обврски по видови и по ставки, со состојба на последниот ден од претходниот квартал.

- Кварталниот извештај К3 ги содржи податоците за задолжување и информациите за промените на состојбата на секое задолжување во претходниот квартал, како и промените на состојбата на издадените гаранции и податоци за долгот на јавните претпријатија кои се основани од општините.

- Полугодишниот извештај ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и за капиталните приходи и расходи за претходните шест месеци за коишто се однесува извештајниот период.

- Годишниот извештај ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи, за една година за кои се однесува извештајниот период.